**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26 - 4678/5
Датум: 11.11.2025

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25) Општина Центар – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ на**
**Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје**

Согласно член 63 став (10) од цитираниот Закон, ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели 20.11 и 20.12 од Изменување и дополнување на детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за спојување на двете градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површините за изградба.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 20.11 и 20.12) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот на Општина Центар – Скопје со Одлука број 07-3628/14 од 10.05.1012 година.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје,** на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, **во барака бр. 3 канцеларија бр. 6 на 18.11.2025 година** (вторник) **од 10 до 12 часот** и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица може да достават приговори на Планската програма.

**Огласот** за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави **на** веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk** и **на** информацискиот систем **е-урбанизам**.

**Раководител на Сектор за урбанизам на**
**Општина Центар - Скопје**
**Танкица Христова Спасовска, диа**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk